РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-198/3
17-06-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6 - та седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот оформен по пријава заведена под број 12-5916/1 од 22.12.2023 година, со наводи против Општина -----------, за несоработка и непостапување по барање поднесено од физичко лице, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај постапува друг орган кој е надлежен да постапува од областа.

Предметот со број 12-5916/1 од 22.12.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 22.12.2023 година, поднесена е пријава по која е оформен предмет со број 12-5916/1 од 22.12.2023 година, со наводи против Општина ----------, за несоработка и непостапување по барање поднесено од лицето ------------------------------------------------------------.

Во конкретниот случај станува збор за барање кое подносителот на пријавата го доставил до Градоначалникот на Општината, како препорачана пратка преку пошта од 20.11.2023 година, со потврда за прием на пратката број -------------------------, во кое му било укажано за нелегална градба на станбено - деловен објект ----------------------------------------------------------------------, ---------------- за -----------------------------------, во врска со Одобрение за градење издадено од Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште под број ---------------------- од 13.10.2021 година.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во насока на утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК побара од Градоначалникот на Општина -------------- да изврши инспекциски надзор и да се изјасни по наводите од до нив доставената пријава/претставка. По барањето на ДКСК е постапено и доставени се бараните информации, а при извршен увид во истите констатирано е дека за предметните наводи се постапува од страна на друг орган кој е надлежен да постапува односно, дека предметот е доставен на постапување на надлежен сектор во Општината.

Од констатираното, ДКСК утврди дека за конкретниот случај постапува друг орган кој е надлежен да постапува од областа по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

Изготвил: Ј.Ц.
Одобрил: ~~Т.Д.~~, претседател на ДКСК

Доставено до:
- Подносителот на пријавата